**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/3
10.06. 2020 год.
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 230**

**Скопје, 10.06.2020**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Фискална економија – 50308 и Применета економија 50302............................................................3706
2. Рецензија за избор на еден наставник во сите насловни наставно-научни звања од научната област Методологија на истажувањето - 51604.........................3717

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА И ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет – ФОН, донесена на седницата одржана на 06 мај 2020 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на Фискалната економија и Применета економија, во состав:

- Проф. д-р Благоја Спиркоски – претседател,
- Академик проф. д-р Таки Фити – член, и
- Проф. д-р Флорије Мифтари – член.

По разгледувањето на пристигнатите пријави по конкурсот и прегледот на доставената документација, Рецензентска комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен Универзитет - ФОН, го доставува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен од страна на Првиот приватен универзитет - ФОН во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 16 април 2020 година, за избор на наставник од областа Фискална економија (50308) и Применета економија (50302), се пријави кандидатот проф. д-р Никола Поповски, вработен како наставник во звањето вонреден професор на Факултетот за економски науки при ФОН Универзитетот во Скопје.

Комисијата, согласно ЗВО и актите на ФОН Универзитетот детално ги разгледа пријавата и поднесените документи на кандидатот проф. д-р Никола Поповски, соодветно ги проучи и врз основа на истите, ги изнесува следниве констатирани факти:

## 1. Биографски и податоци за работната кариера

**Никола Поповски** е роден на 24 мај 1962 година во Скопје, каде што го завршил основното образование. Средното образование го оформил во рамките на скопската гимазија Раде Јовчевски - Корчагин.

По отслужувањето на воениот рок во текот на 1980/81 година своите студии ги започнува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 1981/82 година како редовен студент. Факултетот, на насоката „Економска политика и развој“ го завршил во редовен рок со просек на оценките од 8,1 а дипломската работа ја одбранил на тема „Досегашниот развој и перспективите на хемиската индустрија во СР Македонија“ под менторство на проф. д-р Владимир Петковски. Како апсолвент на Економскиот факултет во рамките на студентската размена преку AIESEC остварил тримесечен престој и практична работа во централата на реномираната компанија Pewex во Варшава, Полска, каде се здобил со практични знаења и искуство од работењето во областа на деловното работење, меѓународната и внатрешна трговија и управување со продажба кон таргетирани клиенти.

Во текот на студиите е активен учесник во работата на студентската организација при УКИМ и бил избран за претседател на студентската организација при Економскиот факултет во два едногодишни мандати и студент – продекан избран од редот на студентите.

Во текот на месец октомври 1996 година престојувал во едномесечна студиска посета и посетувал семинар (Leadership Seminar) на престижниот Georgetown University, Washington, D.C., USA за што поседува Certificate of Merit.

Посетувал десетдневен меѓународен семинар во организација на ММФ и Виенскиот заеднички институт (IMF & Joint Vienna Institute) во Виена, Австрија за целите, задачите и функционирањето на ММФ и неговите операции и финансиските пазари во светот, во текот на јули 1998 година.

Постдипломските четворосеместрални студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката „Економски развој со методи на економска анализа“ каде што слуша настава и полага испити кај реномирани домашни професори, доајени на економската наука во Македонија и кај професори од поширокиот регион ги завршува со просек од 9,1. Во јануари 2001 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Економските основи на информационото општество“ под менторство на проф. д-р Златка Поповска, на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што се стекнал со звање магистер по економски науки.

Докторската дисертација под наслов „Македонскиот пат кон економија базирана на знаење во ерата на глобализација“, работена под менторство на проф. д-р Златка Поповски, ја одбранил во јуни 2010 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со што се стекнал со звање доктор по економски науки.

Работната кариера ја започнува во август 1986 година како приправник и стручен соработник за меѓународни економски односи во Министерството за развој на Македонија (во тоа време како орган на управата со формален назив Завод за општествено планирање на СР Македонија). Во текот на периодот октомври 1987 – ноември 1990 работи како стручен соработник за тековни економски движења во Кабинетот на претседателот на Владата на Македонија (Извршен совет на СР Македонија). Во овие неколку години од својата работна кариера се стекнува со многу драгоцени знаења и искуства за состојбата и функционирањето на националната економија на земјава и нејзиното макроекономско управување.

Во септември 1992 година е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија, каде што потоа е избиран уште во 4 последователни мандати во периодот 1992-2003 и 2006-2008 година. Во тој период извршувал важни Собраниски должности, меѓу кои и претседател на Комисијата за надворешна политика (1992-1994) и Комисијата за финансии и буџет (1998-2002). Од 1993 до 2002 е делегат и претседавач (1993-1998) на делегацијата на Собранието на РМ во Праламентарното Собрание на Советот на Европа (Parliamentary Assembly of Council of Europe) во Стразбур.

Од октомври 2002 до ноември 2003 е Претседател на Собранието на Република Македонија.

Во ноември 2003 е избран за Министер за финансии и член на Владата на РМ, која функција ја извршува до август 2006 година. Во истиот период, како министер, бил и Гувернер во Бордот на Меѓународната банка за обнова и развој и Светската банка (IBRD/WB) во Вашингтон, САД и во Бордот на Европската банка за обнова и развој (EBRD) во Лондон, В. Британија.

За член на Надзорниот одбор и претседател на Одборот за ревизија на Развојната банка на Северна Македонија АД – Скопје е избран во ноември 2017 година. Во периодот август-ноември 2019 година ја извршувал функцијата на В.Д. Главен извршен директор на банката.

Од февруари 2009 работи како асистент а потоа од јули 2010 до април 2013 година како доцент на Европскиот универзитет во Скопје каде што на првиот и вториот циклус на студии бил наставник по предметите:

-Јавни финансии;

-Основи на здравственото осигурување;

-Економија на развојот;

-Основи на економијата;

-Економија на јавниот сектор; и

-Меѓународни финансиски институции и организации.

Во септември 2013 година продолжува со работа како доцент, а од септември 2015 до септември 2016 година како вонреден професор на Меѓународниот славјански универзитет во Св. Николе и Битола каде што во рамките на наставната дејност на првиот и вториот циклус на студии ги предавал следниве предмети:

-Основи на економијата;
-Развој на економската мисла;
-Макроекономија; и
-Меѓународен менаџмент.

Од септември 2016 до сега е наставник во звањето вонреден професор и декан на ФОН Универзитетот во Скопје каде на првиот и вториот циклус на студии ги предава следниве предмети на Факултетот за економски науки, Факултетот за правни и политички науки и Факултетот за странски јазици (бизнис насока):
-Основи на економијата;
-Јавни финансии;
-Локални финансии;
-Микроекономија;
-Развој на економската мисла;
-Современи економски теории;
-Економија на развојот;
-Меѓународен монетарен систем; и
-Е-општество.

Професорот Никола Поповски од мај 2012 година е избран за соработник а подоцна и за професор на меѓународните постдипломските и докторски студии при Европскиот центар за мир и развој (ЕЦПД) во рамки на Универзитетот за мир, основан од ООН (European Center for Peace and Development – ECPD, University for Peace Est. by the United Nations) со седиште во Белград, Србија, каде што предава предмети од пошироките области на макроекономијата и финансиите.

Во текот на својата наставна и научна дејност бил ментор и член на комисии на голем број на дипломски, специјалистички и магистерски трудови и докторски дисертации на домашни студенти во Македонија и меѓународни студенти во рамките на ЕЦПД при Универзитетот за мир на ООН.

Како декан во последните четири години активно учествува во сите образовни, наставни, научни и административни активности на Факултетот за економски науки, а како член на Ректорската управа на ФОН и во рамките на координацијата и управувањето со образовната, наставната, научната и административната дејност на универзитетот во целина.

Има искуство од различни видови на меѓународна соработка со повеќе странски универзитети, претежно од соседството и регионот на Европа.

Поседува формална акредитација за ментор на магистерски работи издадена од Одборот за акредитација на РМ во рамките на Министерството за образование и наука.

Кандидатот проф. д-р Никола Поповски поседува солидни научни и стручни познавања од економијата, особено од фискалната, применетата и развојната економија што му овозможуваат да има извонредни вештини за вербална и визуелна презентација

(користејќи ги современите технологии) на наставната и научната проблематика пред студентите и пред стручната и научната јавност. Во реализацијата на наставните активности применува современи и напредни наставни методи, поткрепени и со презентации и материјали кои ги следат современите трендови во областите што ги покрива. Оттука, недвосмислена е неговата способност за изведување на сите видови високообразовна дејност што се потврдува и преку контиуираните одлични резултати од спроведената анкета меѓу студентите за евалуација на наставниот кадар. Од извештаите од Комисијата за самоеваулација на Факултетот за економски науки при ФОН универзитетот произлегува дека кандидатот проф. д-р Никола Поповски е позитивно оценет за квалитетна реализација на наставната дејност на начин кој ги мотивира студентите за вклучување во интерактивна настава, предавањата ги обавува посветено и го задржува вниманието на студентите до крајот на предавањата, наставата ја спроведува јасно и разбирливо за студентите и ги поттикнува студентите на активност, самостојна работа и заинтересираност за економската наука и соодветниот предмет, секогаш нагласувајќи ја практичната примена на стекнатите знаење во иднина. Тој е отворен и достапен за студентите преку редовни консултации и други форми на соработка и транспарентно ги оценува резултатите од работата на студентите. Личниот односо на наставникот е оценет на високо ниво. Согласно резултатите од извршените самоевалуации на Факултетот за економски науки средните оценки за кандидатот, на скалата од 1 до 5, постојано се движат помеѓу 4,65 и 5,00.

Одлично го владее и активно се служи со англискиот јазик како и со сродните јазици од јужнословенската група на јазици.

Своевиден куриозитет е што професорот Никола Поповски е често присутен и во пошироката општа и стручна јавност во Македонија со своите економски анализи и стручни и научни видувања за економските проблеми и предизвици. Тој има објавено импозантен број од над 400 колумни со економска проблематика во дневни весници и неделни и месечни магазини.

## 2. Објавени научни и стручни трудови од областа на економијата

Покрај придонесот за изведувањето на наставно образовниот процес, кандидатот покажува и особен интерес за науката и истражувачка активност. При тоа како области на посебен и фокусиран интерес на кандидатот се јавуват прашањата на јавните финансии и фискалната економија, макроекономските и развојните економски, проблемите на применетата економија во поширока смисла и некои специфични економски аспекти на глобализацијата што е видливо од неговите објавени научни трудови.

Во текот на својата универзитетска кариера кандидатот проф. д-р Никола Поповски има објавено 7 книги од кои:

а) универзитетски учебници (4) и тоа по предметите: „Економија на развојот" (2010); „Основи на здравственото осигурување" (2011); „Основи на економијата" (2014, прво издание и окт. 2018 второ издание); и „Е-општество" (март 2018);

б) научни книги (2) од економска проблематика: „Економски основи на информацискиот општество" (2001); и „Глобална економија" (2010);

в) стручна книга (1) со економска проблематика: „Огледи за македонската економија" (2013).

Исто така има објавено и над 50 научни и истражувачки трудови од областа на економијата во странски и домашни стручни и специјализирани периодични научни публикации и зборници на англиски и македонски јазик. Дел од нив се презентирани преку учество на повеќе научни конференциии во земјава и странство.

**Во периодот од септември 2015 година до денес, односно од изборот во звање вонреден професор ги има објавено следниве книги и трудови:**

**А. Објавени книги:**

1. Поповски д-р Никола: **„Е-општество"**, (универзитетски учебник), Темплум, Скопје, март 2018

2. Поповски д-р Никола: **„Основи на економијата"**, Второ дополнето и изменето издание, (универзитетски учебник), Темплум, Скопје, октомври 2018

**Б. Објавени научни трудови:**

1. Поповски д-р Никола: **„Предизвиците на јавниот долг во Македонија"**, во Списание на научни трудови од Седма меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (економија)", Меѓународен Центар за Славјанска Просвета - Свети Николе, Година III, број 1, април 2016, Свети Николе, 2016, (стр. 81-86); 336.27(497.7)„2009/2015", ISSN (принт) 1857-9299; ISSN (онлајн) 1857-9302

2. Popovski Ph. D. Nikola: **"Is Globalization Swallowing Regionalism?"**, in Proceeding of the Eleventh ECPD International Conference: Future of the World Between Globalization and Regionalization, Belgrade, Serbia, October, 24-25, 2015, European Center for Peace and Development (ECPD) of the University for Peace established by the United Nations, Belgrade, Serbia, 2016 (pp. 36-46). (ISBN 978-86-7236-102-5)

3. **„Нови перспективи за економски и социјален развој во Република Македонија: анализа на состојби и препораки"**, Група автори (Кире Наумов, Никола Поповски ..... и други), Фондација Фридрих Еберт – канцеларија Скопје (Friedrich Ebert Stiftung), Скопје, 2016, ISBN 978-9989-109-83-6

4. **„Реформи за праведно оданочување"**, Група автори (Павле Гацов, Ѓорѓи Гоцков, Горан Петревски, Никола Поповски, Драган Тевдовски, Ванчо Узунов, Владимир Филиповски), Стручна монографија, Friedrich Ebert Stiftung, Progress Institute for Social Democracy, Скопје, февруари 2016

5. Никола Поповски, Кире Наумов: **„Јавен долг: состојба, предизвици и можни решенија“**, Прв документ за политики во рамки на работата на експертската група за економски и социјални политики, Friedrich Ebert Stiftung, Скопје, септември 2016

6. Popovski Ph. D. Nikola: **"The New Role of Middle-Income Economies in the World Trade"**, UDC: 339.56-027.511(100-773) "2008-2009" in International magazine for social sciences "VIZIONE" Skopje, Nr. 27/2017, Skopje, January 2017, (pp. 317-327), ISSN: 1409-8962 - printed form; ISSN: 1857-9221 – electronic form

7. Popovski Ph. D. Nikola: **"Aspects of the Macedonian Economic Growth"**, International Journal "Knowledge", Scientific papers Vol. 16.1, Institute of Knowledge Management, Skopje, Macedonia, 2017, (pp. 51-55), ISSN 1857-923X

8. Popovski Prof. Dr. Nikola, Petreska Prof. Dr. Lence: **"Employment Policies In the Middle Income Countries – Case Of Macedonia"**, во Списание на научни трудови од Осма Меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (Економија, Безбедносно инженерство, Архитектура и дизајн, Информатика, Екологија), Меѓународен Центар за Славјанска Просвета – Свети Николе, Година IV, број 1, април 2017, Свети Николе, 2017, (стр. 139-144); 331.5.024.5(497.7), ISSN (принт) 1857-9299; ISSN (онлајн) 1857-9302

9. Стојанова Проф. д-р Павлина, Поповски Проф. д-р Никола: **„Потребата од форензичка ревизија како надополнување на традиционалната независна ревизија во откривањето на измамите“**, во Списание на научни трудови од Осма Меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (Економија, Безбедносно инженерство, Архитектура и дизајн, Информатика, Екологија), Меѓународен Центар за Славјанска Просвета – Свети Николе, Година IV, број 1, април 2017, Свети Николе, 2017, (стр. 157-162); 657.6:[343.148:343.222.2, ISSN (принт) 1857-9299; ISSN (онлајн) 1857-9302

10. Popovski Ph. D. Nikola: **"Possible Elementary Model for Early Detection of Macroeconomic Imbalances in Macedonia"**, UDC: 330.101.541:336.02 (4-672 ЕУ: 497.7 in International magazine for social sciences "VIZIONE", Skopje, Nr. 30/2018, Skopje, July 2018, (pp. 307-317), ISSN: 1409-8962 - printed form; ISSN: 1857-9221 – electronic form

11. Popovski Ph. D. Nikola: **"Emerging Economies Rising Contribution to The Globalization Process"**, in Proceeding of the Twelfth ECPD International Conference: Future of the World Between Globalization and Regionalization, Belgrade, Serbia, October, 28-29, 2016, European Center for Peace and Development (ECPD) of the University for Peace established by the United Nations, Belgrade, Serbia, 2018 (pp. 32-44). (ISBN 978-86-7236-107-0)

12. Поповски д-р Никола: **„Лидерство ослободено од родова доминација – потреба или фикција?“** во Зборник на научно-истражувачки трудови од проектот: „И во македонската култура – лидерството е моќ на личноста, не на полот“, ФОН Универзитет, Скопје, 2018 (стр. 13-19); (305-055.2). (ISBN 978-608-4581-43-7), (COBISS.MK-ID109204234).

13. Nada Petrusheva, Nikola Popovski: **"Credit Risk and Credit Rating Analysis Prior to Financial Support and Insurance of Export Credits Approval"**, International Journal "Knowledge", Scientific papers Vol. 26.1, Institute of Knowledge Management, Skopje, Macedonia, sept. 2018, (pp. 267-271), ISSN 1857-923X (for e-version); ISSN 2545 – 4439 (for printed version).

14. Поповски д-р Никола: **„Модел на интензивен раст на македонската економија преку користење на новите технологии и знаења"**, во Зборник од научната конференција: „Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија" (Охрид, 4-5 октомври 2018), МАНУ, Скопје, 2019 (стр. 96-108). (ISBN 978-608-203-251-1), (COBISS.MK-ID109602570).

15. Popovski Nikola: **"Issues of Public Debt Management in Small Economies"** во Списание на научни трудови од Десетта Меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (Економија, Безбедносно инженерство, Информатика), Меѓународен Центар за Славјанска Просвета – Свети Николе, Година VI, број 1, април 2019, Свети Николе, Р. Македонија, 2019, (стр. 155-159); 336.27:330.55(100-773), ISSN (принт) 1857-9299; ISSN (онлајн) 1857-9302

16. Popovski Ph. D. Nikola: **"Fiscal Space in Small and Open Developing Economies"**, UDC 338.23: 336.1.001 in International magazine for social sciences "VIZIONE", Skopje, Nr. 33/2019, Skopje, June 2019, (pp. 383-392), ISSN: 1409-8962 - printed form; ISSN: 1857-9221 – electronic form

17. Поповски д-р Никола: **„Предизвиците на циркуларната економија"**, во „Камбовски, Liber Amicorum, Студија во чест на седумдесет години од животот на академик Владо Камбовски", МАНУ, Скопје, 2019 (стр. 221-230). (ISBN 978-608-203-261-0).

18. Popovski Nikola: **"Environmental Taxes in Europe – Theory and Practice"**, во Прилози XLIX, 1-2, 2018, МАНУ, Одделение за општествени науки, Скопје, ноември 2019 (стр. 109-116). ISSN 0350-1698

Рецензент е на повеќе научни и стручни книги, учебници и трудови на други автори.

## 3. Учество на научни конференции, научно-истражувачки и стручни проекти од национален и меѓународен карактер

Во текот на последниве пет години од изборот во вонреден професор до сега кандидатот учествувал на повеќе домашни и меѓународни научни конференции и работел на научно-истражувачки и стручни проекти во кои спаѓаат следниве:

1. **Megjunarodni okrugli sto: "Ljudski resursi u zdravstvu"**, – Prof. dr Nikola Popovski: "Ljudski resursi kroz prizmu utvrgjenih ciljeva javnog zdravstva", ECPD i Ministarstvo zdravlja Republike Srbije, Beograd, 10 oktobar 2015;

2. **Eleventh ECPD International Conference: "Future of the World Between Globalization and Regionalization"**, Belgrade, Serbia, October, 24-25, 2015

3. **„Реформи за праведно оданочување ", Проект** на Friedrich Ebert Stiftung, Progress Institute for Social Democracy, Скопје, февруари 2016

4. **Седма меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (економија) "**, МСУ - Свети Николе, април 2016

5. **„Нови перспективи за економски и социјален развој во Република Македонија: анализа на состојби и препораки ", Проект** на Фондацијата „Фридрих Еберт – канцеларија Скопје "(Friedrich Ebert Stiftung), Скопје, 2016

6. **Twelfth ECPD International Conference: "Future of the World Between Globalization and Regionalization"**, Belgrade, Serbia, October, 28-29, 2016

7. **Осма Меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (Економија, Безбедносно инженерство, Архитектура и дизајн, Информатика, Екологија) "**, МСУ Свети Николе, април 2017

8. **„И во македонската култура – лидерството е моќ на личноста, не на полот ", Истражувачки проект** на Министерство за култура на РМ и ФОН Универзитет, Скопје, 2018

9. **Научната конференција: „Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија"** , МАНУ (Охрид, 4-5 октомври 2018)

10. **Десетта Меѓународна научна конференција: „Меѓународен дијалог: Исток – Запад (Економија, Безбедносно инженерство, Информатика)"**, МСУ Св. Николе, април 2019

*

* *

**Кандидатот проф. д-р Никола Поповски, покрај тоа што ги исполнува општите и посебните услови за избор во звање предвидени во Законот за високо образование, исто така ги исполнува и условите предвидени со актите за условите и постапката за избор во наставно-научни звања на ФОН Универзитетот во Скопје.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно горе наведеното и врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци согледани во приложениот материјал на кандидатот проф. д-р Никола Поповски и резимирајќи ја вкупната биографија и неговата досегашна работна, наставна, научна, стручна и педагошка активност, учеството на домашни и меѓународни симпозиуми и конференции, објавувањето на голем број на научни и истражувачки трудови, авторството на универзитетски учебници, позитивната оцена од самоевалуацијата, учеството во научни и истражувачки проекти, наставната дејност на меѓународни универзитети и други сродни ангажмани на кандидатот Комисијата недвосмислено смета дека тој е одличен педагог, плоден научен работник и добар познавач на економската теорија и практика во своите области. Врз основа на тоа рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. д-р Никола Поповски ги исполнува пропишаните услови предвидени со Законот за високо образование и одредбите на Статутот и Правилникот за избор и реизбор на наставници што е донесен од Сенатот на ФОН Универзитетот и Факултетот за економски науки во негов состав за избор на наставник од научните области Фискална економија (50308) и Применета економија (50302), во наставно - научно звање Редовен Професор.

Врз основа на изнесеното Рецензентската комисија ги донесе следниве заклучоци:

1. Комисијата цени дека кандидатот проф. д-р Никола Поповски, во целост ги исполнува условите пропишани во Законот за високо образование, одредбите на Статутот и Правилникот за избор и реизбор на наставници на ФОН Универзитетот и објавениот конкурс.

2. Рецензентската комисија оценува дека кандидатот проф. Никола Поповски е исклучително одговорна и сериозна личност која целосно и темелно им се посветува на обврските поврзани со неговата стручна, научна и професионална надградба. Кандидатот се карактеризира со висок степен на професионалност, исполнителност на поставените задачи, одговорност и совесност при што низ своето досегашно повеќегодишно педагошко искуство и учество во наставно – образовниот процес се потврдува како квалитетен кадар за наставно - образовна и научно-истражувачка работа.

3. Проф. д-р Никола Поповски е одличен педагог и плоден научен работник кој досега постигнал значајни резултати во својата наставна и научна работа. Од увидот во работната биографија, можевме да се увериме дека тој располага со научна, стручна и богата педагошка работа од областа на економијата, особено од областите на фискалната и применетата економија, за што сведочат и учебниците што ги има објавено и бројните научни трудови;

Рецензентската комисија оценува дека кандидатот проф. Никола Поповски има остварена богата научно - истражувачка работа во земјата и странство, преку објавување на трудови во меѓународни и домашни научни списанија и преку учества на конференции и симпозиуми во земјата и странство во подрачја тесно поврзани со областите на фискалната економија, применета економија, и економскиот развој, преку обработка на различни аспекти од споменатите области;

4. Членовите на Рецензентската комисија се едногласни за избор на кандидатот проф. д-р Никола Поповски за наставник во областите на фискалната економија и применетата економија, бидејќи го поседува потребното научно, стручно и педагошко искуство што е неопходно за вршење на наставно-научната дејност од областите на фискалната економија и применетата економија, согласно распишаниот конкурс.

Врз основа на претходното, Комисијата има посебно задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен Универзитет - ФОН, да го избере кандидатот проф. д-р Никола Поповски за наставник во областа на фискалната економија (50308) и применетата економија (50302), во звањето – **Редовен професор.**

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Благоја Спиркоски, с.р.-претседател

2. Академик проф. д-р Таки Фити, с.р.- член

3. Проф. д-р Флорије Мифтари, с.р. - член

Скопје, мај 2020

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: БЕЗБЕДНОСТ, НАУЧНА ОБЛАСТ: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО- 51604 НА ФАКАУЛТЕТОТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН СКОПЈЕ

Со одлука од 26.02.2020 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност, во состав на Првиот приватен универзитет ФОН - Скопје, се формира Рецензиона комисија за избор на еден (1) наставник во сите наставно - научни звања, од научната област Методологија на истражувањето – 51604. Комисијата ја сочинуваат:

1. Проф. д-р Татјана Велкова;
2. Проф. д-р Методија Дојчиновски
3. Проф. д-р Насер Етеми

По разгледувањето и темелното проучување на приложената документација, Рецензионата комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност да му го поднесе следниот:

**РЕЦЕНЗИОНЕН ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот што Факултетот за детективи и безбедност, во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН, Скопје, го објави во весникот „Нова Македонија " на 17.01.2020 година за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања, се јави со потполна документација, предвидена според објавениот конкурс еден кандидат и тоа Д-р Мухамет Рацај, насловен вонреден професор.

**Биографски податоци**

Професор д-р Мухамет Рацај, насловен вонреден професор, пензиониран, роден на 1 август 1961 година во с. Сиќево, Република Косово. Основно училиште завршил во с. Добра Вода, а средно воено училиште на копнената војска во Сараево во 1980 година. Во 1986 година, дипломирал на Воената академија на копнената војска во Белград. Во 1998 година на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје специјализирал на Командно-штабната академија, а во 2007 година дипломирал на Школата за национална одбрана во Истанбул, РепубликаТурција.

Во 2006 година на Институтот за одбрана при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на Филозофскиот факултет во Скопје, магистрирал на тема: „Обезбедување на државната граница на Република Македонија според современи безбедносни стандарди", со што се стекнал со право на стручен назив-магистер на одбрана. Својата докторска дисертација под наслов: „Превенција во сузбивање на организираните облици на криминал на меѓудржавните граници на Република Македонија" ја одбранил на 1 септември 2009 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, на Факултетот за безбедност во Скопје и се стекнал со научен степен - доктор на науки од областа на безбедноста.

На работното место е активен, а своето знаење континуирано го надградувал со учество на разни курсеви за унапредување и усовршување од областа на воената едукација и примената на воените вештини. Има добиено повеќе пофалници и награди за постигнати врвни резултати. Покрај редовните работни обврски во воената служба, насловен вонреден професор д-р Мухамет Рацај како истакнат практичар, со дополнителен ангажман се вклучил и дал свој придонес во високото образование. Од 2008 година до 2009, м-р Мухамет Рацај, примен како надворешен соработник е избран за наставник по предметите: „Детективска тактика во природни услови" и „Тактика и

техника на обезбедување" на специјалистички студии на факултетот за Детективи и безбедност при Универзитетот ФОН.

Со одлука бр.17-593/4 од 19.11.2009 година на Научно - наставниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Првиот приватен Универзитет ФОН - Скопје, е избран за Доцент од областа накриминалистиката. Со одлука бр.17-1989/5 од 04.12.2014 година на Научно - наставниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Првиот приватен Универзитет ФОН - Скопје, е избран за **насловен вонреден професор** од областа на општа криминалистичка теорија. Учествува во реализацијата на предмети во прв и втор циклус на студии.

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во академската 2010/2011 избран е за наставник по предметите "Криминалистика" и "Криминологија" на постдипломски студии на Правниот факултет при државниот Универзитет во Тетово.

***На прв циклус на студии ја реализира наставата по предметите:***

1. "Вовед во криминалистика" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2009 /2018) при Универзитетот ФОН;
2. "Криминалистичка тактика 1 и 2" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2009/2016) при Универзитетот ФОН;
3. "Криминалистичка методика" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2009/ 2017) при Универзитетот ФОН;
4. "Криминалистичка техника" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2009/ 2018) при Универзитетот ФОН;
5. "Ракување со оружје" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2009/ 2018) при Универзитетот ФОН; Тетовски Унивезитет (со 2 часа предавање и 3 вежби во период 2018/2019)
6. "Летно и зимско логорување" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2009/2016) при Универзитетот ФОН;
7. "Вооружување со теорија и практика на гаѓање" (со 2 часа предавање во период од 2009/2018) при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип, на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје - придружна членка;
8. "Пешадиско вооружување со настава на гаѓање" (со 1 час предавање во период од 2011/2018) при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип, на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје - придружна членка и
9. "Методика на пешадиско вооружување со настава на гаѓање" (со 1 час предавање во 2011/2018) при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип, на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје – придружна членка.
10. "Општа тактика-2" (со 2 часа предавање 2016/2018) при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип, на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје – придружна членка.
11. "Криминалистичко разузнавање" (со 2 часа предавање и 1час вежби во период 2018/2019) при Тетовски Унивезитет.
12. "Полициски менаџмент" (со 2 часа предавање и 1 час вежби во период 2018/2019) при Тетовски Унивезитет.

*На втор циклус студии, доц. д-р Мухамет Рацај е носител или учествувал во реализацијата напредметите:*

1. "Методика на општ криминалитет" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2010 / 2018) при Универзитетот ФОН;
2. "Применета криминалистика" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во период од 2010 / 2019) при Универзитетот ФОН;
3. "Методика на истражување на организираниот криминал" (со 2 часа

предавање и 3 часа вежби во период од 2010/2019) при Универзитетот ФОН;

4. "Современи криминалистички теории" (со 2 часа предавање и 3 часа вежби во 2014/2018) при Универзитетот ФОН;

5. "Криминалистика и Криминологија" (со 2 часа предавање во период од 2010/ 2012) при Државниот Универзитет воТетово;

6. "Национална безбедносна концепција и стратегија" (2 часа предавања, 2 вежби во 2017 година) при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип, на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје - придружна членка и

7. "Организација на штабови и штабни должности" (1 час предавање во 2014 и 2017 година) при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип, на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје - придружна членка.

8. "Тероризам" (со 2 часа предавање и 1часа вежби во период од 2018 / 2019) при Универзитетот ФОН;

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на научно-истражувачката работа, кандидатот има објавено 5 (пет) книги и тоа:

1. "Вооружување и настава за гаѓање" (2009)
2. „Основи на топографија и тактика во природни услови" (2010)
3. „Вовед во криминалистика" (2012)
4. "Реформи во одбрана" (2015)
5. "Организиран криминалитет - Превенција и репресија" (2019)

Во творечката дејност на кандитатот се наоѓаат 8 (осум) објавени скрипти и тоа: „Функционални должности во штабна организација", „Методика на истражување на организираниот криминал", „Криминалистичка техника", „Криминалистичка техника – скрипта 1", „Криминалистичка методика", „Современи криминалистички теории", „Криминалистичка тактика – 1, Тактика за реализација на оперативни дејности", „Криминалистичка тактика – 2, Тактика за реализација на процесуални дејности". „Стратегија за борба против тероризмот", „Меѓународни кризи и конфликти", „Основи на безбедносни студи", „Менаѓирање са класифицирани информации", „Развој на безбедносни стратегии.

Кандидатот има објавено 29 (дваесет и девет) труда во стручни научни списанија, од кои 8 (осум) во странски, а 21 (дваесетиеден) во домашни стручни научни списанија.

**Трудови објавени во стручни - научни списанија:**

1. Racaj, Muhamet, Brief review of the geopolitical situation in the region with a special emphasis on the security threats and migrant crisis - Contemporary Macedonian Defence – International Scientific Defence, Security and Peace Journal, 2017 (NR-32). pp. 37-47. ISSN 1409-8199.

2. Racaj Muhamet, Migrant Crisis, a Security Challenge for the Republic of Macedonia, Academicus international scientific Jurnal, Nr. XIV (13), MMXVI (2016), Vlora, Albania.

3. Gelev Igor, and Racaj Muhamet, Energetic diplomacy and its role on creation of a new multipolar world. Academicus International Scientific Journal, 13. pp. 89-102. (2016).

4. Racaj Muhamet, Gelev Igor, Ledership in military operations. International scientific Defence, Security and peace Journal of the Ministry of Defence of the Republic of Macedonia, ISSN 1409-8199, Skopje, July, 2015.

5. Blazevska Andonovska, Valentina and Racaj Muhamet, Глобализацијата и процесите и заканите кои ги наметнува. Contemporary Macedonian Defence – International Scientific Defence, Security and Peace Journal, 2015 (NR-29). pp. 141-149.

ISSN 1409-8199.

6. Racaj Muhamet, Gjeneral brigade, Sprovat Siriane, VITI 68-te i botimit nr.10 (8211) – Revista Ushtria, Botimi qendror i ministrisë së mbrojtjes të Republikës së Shqipërisë - 14.03.2014.

7. Racaj Мухамет, Ивица Даневски, Stability Pact - Reflection of the political will of the international community", Современа Македонска Одбрана бр. 27, Скопје, 2014.

8. Racaj Muhamet, Special investigative measures in the obstruction and prevention of organized crime and corruption in the Republic of Macedonia, CENTRUM, Scinetific magazine - 2/2014, which is published by the Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). ISSN 1857-8640; ISSN 1857- 9396; UDC3 (497.7:4-672EU).

9. Racaj Muhamet, Ivica Danevski, Security conditions and challenges in the Balkans, International scientific Defence, Security and peace Journal of the Ministry of Defence of the Republic of Macedonia, ISSN 1409-8199, Skopje, December, 2013.

10. Abaz Lleshi, Racaj Muhamet, Emergency Regional capabilities in the Spirit of "Smartdefence", International scientific Defence, Security and peace Journal of the Ministry of Defence of the Republic of Macedonia, ISSN 1409-8199, Skopje, December, 2013.

11. Metodija Kjertakov, Robert Hristovski, Racaj Muhamet, The Use of Dietary Supplement among Soldiers from the Macedonian special operations Regiment, Journal of Special Operations Medicine, Volume 13, Edition 1/Spring 2013 – USA.

12. Racaj Muhamet, Gjeneralbrigade, Siguria në Republikën e Maqedonisë në kontekstin e sigurisë në Ballkan dhe më gjërë, VITI 67-te i botimit nr.23 (8176) - Revista-Ushtria - Botimi qendror i ministrisë së mbrojtjes të Republikës së Shqipërisë - 28.06.2013.

13. Raca Muhamet, Gjeneralbrigade, Globalizimi dhe terrorizmi, VITI 67-te i botimit nr. 45 (8145), Revista Ushtria, Botimi qendror i ministrisë së mbrojtjes të Republikës së Shqipërisë - 09.11.2012.

14. Racaj Muhamet, Gjeneralbrigade, Mundësitë dhe nevojat mbrojtëse të Europës, VITI 67-te i botimit nr. 46 (8147), Revista Ushtria, Botimi qendror i ministrisë së mbrojtjes të Republikës së Shqipërisë - 16.11.2012.

15. Рацај Мухамет, Клаузевиц во светлоста на современите воено теориски мисли, Современа Македонска Одбрана, Скопје, 2011.

Кандидатот, д-р Мухамет Рацај своето научно творештво го збогатува и дава придонес ѝ со **учество во научно - истражувачки национални и меѓународни проекти:**

1. Реформи во одбраната, Филозофски факултет – Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир и Министерство за одбрана на Република Македонија – Скопје, 2015 година.

2. Користење на додатоци за диета помеѓу припадниците од ПСО на АРМ, Muhamet Racaj, Metodija Kjertakov, Robert Hristovski, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2013.

3. Концепт на резервни сили на АРМ, Мухамет Рацај, Ивица Даневски, Министерство за одбрана на РМ - 2012

4. Данида (Соработка на граничната полиција меѓу Р. Македонија и Албанија), 2006 година.

5. Фреста (Интегрирано гранично управување на Р. Македонија и Р. Албанија), 2004 година.

Својата стручност и компетентност ја потврдува и со учество на повеќе меѓународни собири (конференции), меѓу кои се и:

1. Racaj Muhamet, Mende Solunqevski, Komandimi dhe kontrolli në marrjen dhe zbatimin e masave për parandalimin e pasojave të katastrofave në sistemin për mbrojtje dhe

shpëtim në Republikën e Maqedonisë së Veriut. Меѓународна научна конференција организирана од страна на колеџот "BIZNESI" со наслов "Односите помеѓу економскиот развој и менаџирањето со кризните ситуации", 25.10.2019,Приштина.

2. Racaj Muhamet, Senad Saliu, Siguria ekonomike si faktrë determinues për sigurinë e shtetit. Konferenca e 11. shencore e organizuar nga koegji "BIZNESI" me temën bosht "Marrëdhënja dhe ndërveprimi midis zhvillimit ekonomik dhe menaxhimit të emergjencave", 25.10.2019, Prishtinë.

3. Racaj Muhamet, Sasho Janev, Zekirja Aziri, Modern Challenges and Threats of the Security System of the Republic of Macedonia, In: 9th International Scientific Conference „Security System Reforms as Precondition for Euro-Atlantic Integrations", 04-05 June 2018, Ohrid, Republic of Macedonia.

4. Muaremoska-Abduli, Sevilj and Racaj Muhamet, Parliamentary control of the security sector of the Republic of Macedonia as a precondition for the development of democratic society. In: International scientific conference "Security concepts and policies - new generation of risks and threats", 04-05 June 2017, Ohrid, Macedonia.

5. Racaj Muhamet and Morski, Mihajlo and Aziri Zekirja, Terrorist acts with improvised explosive devices, the threat to the modern-world, the example of the Islamic Republic of Afghanistan. In: International scientific conference "Security concepts and policies - new generation of risks and threats", 04-05 June 2017, Ohrid, Macedonia.

6. Racaj Muhamet and Janev Sasho, Migrant crisis, a security challenge for the Republic of Macedonia and ARM contribution in handling the migrant crisis. In: International scientific conference "Contemporary concepts of crisis management", Dec 2016, Ohrid, Macedonia.

7. Racaj Muhamet, Migrant crisis, a security challenge for the Republic of Macedonia. In: 7th International scientific conference „Contemporary Trends in Social Control of Crime", 30-31 May 2016, Ohrid, Republic of Macedonia.

8. Muhamed Racaj, Ministry of Defence of the Republic of Macedonia, Sevilj Muaremoska Abduli, Faculty for detectivs and security, FON University – Skopje-Contribution Of The Republic Of Macedonia in The Fight Against International Terrorism-International Scientific Conference Researching Security - Approaches, Concepts and Policies. University "St. KlimentOhridski"- Bitola Faculty of Security – Skopje, June 2015, Ohrid

9. Рацај Мухамет, Ивица Даневски, Република Македонија и современи безбедносни предизвици, меѓународна научна конференција, *Современи* безбедносни парадигми и предизвици: Теорија и практика, Филозофски факултет - Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир Охрид-2015.

10. Рацај Мухамет - Генерал мајор, Дефинирање на кризата и кризниот менаџмент, Меѓународна научна конференција – Кризен менаџмент: Можни предизвици - Центар за управување со кризи на Република Македонија, Скопје – 2015.

11. Racaj Muhamet and Muaremoska Abduli, Sevilj, Contribution of the Republic of Macedonia in the fight against international terrorism. In: International scientific conference researching security: approaches, concepts and policies, 2-3 June 2015, Ohrid, Republic of Macedonia.

12. Racaj, Muhamet, PhD, Defining the crisis and crisis management, In: Proceedings of the international scientific conference "Crisis management: challenges and prospective", Nov 2015, Skopje, Macedonia.

13. Рацај Мухамет, Меѓународна научна конференција - Правна држава и демократија, International scientific confernece-Role of Law and democracy, Државен Универзитет во Тетово State University of Tetovo,12.03.2014.

14. Racaj Muhamet, PhD, Regional conference - Quality of assessment, Qualification in higher education, South East European University, 20.06.2014.

15. Racaj Muhamet, Participated at the inernacional scientific conference"Criminalistic education and perspectives-20 years after Vodinelic"University "St.Kliment Ohridski"-Bitola end Faculty of detectives and security FON University – Skopje-24-25 Oktober 2014, Skopje, Republic of Macedonia.

16. Рацај Мухамет, Научно - стручна тркалезна маса на тема: „Евро-атланските предизвици на Република Македонија: проблем, политичка реалност, идни решенија и можности по самитот на НАТО во Велика Британија 2014'', Универзитет Св.Климент Охридски – Битола- Факултет за Безбедност - Скопје. 18.11.2014 - Дом на АРМ-Скопје.

17. Рацај Мухамет, полковник, Процес на планирање на современи Операции според Директива за сеопфатно Планирање на Операции (COPP), Научно - стручна конференција MILCON - 2012, „Процес на планирање и донесување на одлуки во современи воени операции: „Каде сме денес?, А каде треба да бидеме утре?", Скопје, Мај 2012.

18. Racaj Muhamet, Concept of the reserve forces of the army of the Republic of Macedonia in compliace of the structure (national project), Здружение на ветерани од одбраната и безбедноста на РМ заедно со Министерството за одбрана и Асоцијацијата на дипломирани студенти на НАТО колеџот. Меѓународна научно - стручна конференција натема: Улогата на активниот состав и резервата на вооружените сили во регионалната и глобалната безбедносна средина во 21 век, и „The role of the active component and reserve component of the Armed forces in support of their missions and tasks in the regional and global security environment in 21 century, Skopje, 23.04.2012.

Насловен вонреден професор д-р Мухамет Рацај, во периодот на избор, бил ментор на 8 кандидати на магистерски трудови, 7 кандидати на специјалистички трудови 6 пати член на комисии за одбрана на магистерски трудови.

***Дополнителни начно-стручни активности:***

За својата успешна војничка, научно - истражувачка и едукативна кариера, д-р Мухамет Рацај има дадено интервју во стручното списание „Штит" - магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија, број 38, стр. 8-10, ноември 2012 година.

Од 2012 до 2017. година дополнително врши должност на заменик главен и одговорен уредник на Меѓународно научно списание современа македонска одбрана на Министерството за одбрана на Република Македонија а од јануари 2018 е член на мечународниот уредувачки одбор и е рецезент на 8 (осум) научни труда.

Во 2012 година е добитник на признание - Благодарница (златна плакета) од ФОН Универзит во знак на благодарност и соработка.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на оценката на презентираната документација, Комисијата цени дека кандидатот ги исполнува условите за избор во наставник согласно Законот за високото образование.

Имајќи ја предвид пред сè соодветноста на стекнатото образование и континуираниот развој во научно - истражувачката и наставната дејност, но и досегашниот неспорно исклучителен ангажман на Факултетот за детективи и безбедност на кандидатот насловен доцент д-р Мухамет Рацај, како и стекнатото работно искуство во остварување на наставно – истражувачката професија, објавување на научни трудови во национални и меѓународни списанија, учеството на домашни и меѓународни симпозиуми и конгреси, во кои тој се развивал како истражувач и како предавач. Неговото поле на интерес не е исклучиво врзано за неговата потесна научна област во кој се бира, тој развива поширок научен интерес за безбедноста општо што може да се забележи од досега објавените научни трудови. Врз основа на погоре

изнесеното, рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност да му го предложи кандидатот Мухамет Рацај да биде избран во насловен вонреден во научната област Методологија на истражувањето – 51604.

**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф д-р Татјана Велкова, с.р. - претседател,

________________________________

2. Проф. д-р Методија Дојчиновски, с.р. - член,

________________________________

**3.** Проф. д-р Насер Етеми, с.р. - член

________________________________